*Александар Димитријевски*

# *Драган Даутовски - реноватор во современата употреба на народните музички инструменти во Република Македонија*

Во втората половина на 80-тите години на 20-тиот век се случува експанзија на македонската етнопоп музика која во почетокот на 90-тите години резултира со една хиперпродукција од етнопоп песни и ора. Се потиснува интересот за македонската традиционална музика и интересот за изучување и поширока употреба на македонските фолклорни инструменти.

Токму во тој период, поттикнат од желбата за реафирмација на современата употреба на фолклорните инструменти, Драган Даутовски ја започнува својата активноста на полето на изведувањето и обработувањето на македонскиот музички фолклор и неговото презентирање преку нови, но препознатливи форми.

Појавата на Драган Даутовски претставува нова фаза во употребата на фолклорните инструменти особено поради фактот што во почетокот на 90-тите години на 20-тиот век нема голем број живи изведувачи од постарата генерација. Затоа Драган Даутовски првенствено морал да ги употреби постарите снимени аудио-видео материјали како извор за своето изучување. Токму преку неверојатната можност да учи без директно да му покажат се гледа и извонредната репродуктивна интерпретаторска способност на Драган Даутовски.



*Драган Даутовски*

Драган Даутовски е роден 1957 година во с.Русиново, Беровско. Основно образование завршил во Берово. Средно музичко училиште завршил во Штип во 1977 година. Дипломирал 1984 година на Факултетот за музичка уметност во Скопје на отсекот за музичка теорија и педагогија.

По дипломирањето, сам изучил да свири на поголем број народни инструменти: кавал, тамбура, гајда, зурла итн.

Работел како наставник по музичко воспитување во основното училиште "Григор Прличев" во Скопје, потоа како професор по народни инструменти во МБУЦ "Илија Николовски- Луј" во Скопје. Моментално работи како професор по народни инструменти на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Драган Даутовски е активен како:

- организатор
- реноватор
- интерпретатор
- автор на музика
- аранжер
- педагог

**1. Организаторска дејност**

Ги оформил вокално-инструменталните состави:

- 1988 година "Детелинки"
- 1992 година"Миле Коларовски"



- 1995 година "ДД Синтезис"



- 2000 година "Драган Даутовски квартет"



## 2. Реноваторската дејност

Реноваторската активност на Драган Даутовски на полето на современата употреба на македонските народни инструменти започнува во 1992 година со создавањето на вокално-инструменталниот состав "Миле Коларовски".

Иако во тој период сé уште активно работат трите народни оркестри на МРТ  (Народниот оркестар, Оркестарот на народни инструменти и Чалгиите), Драган  Даутовски преку основањето на ансамблот "Миле Коларовски" сепак успева да внесе нов приод во (тогаш) современата изведба на македонскиот музички фолклор.

Тоа го извел преку:

- карактеристичен вокално-инструментален состав (4 кавали, 4 тамбури, 2 кеменињa, гајда, тапан и 5 пејачки)
- вокална изведба базирана на селското пеење
- инструментална изведба надополнета со аранжирани делници (наместо дотогаш типичното унисоно свирење)
- нотен запис на изведуваните мелодии.

Составот на инструменти кои ги употребил Драган Даутовски во ансамблот "Миле Коларовски" и нивната комбинација е нетипична за постарата македонска инструментална традиција и не постои ниту место во Република Македонија, ниту обичај при кој истовремено би свиреле толкав број инструменталисти или пак таква комбинација на инструменти.

Но, од друга страна, во периодот по Втората светска војна за програмските потреби на Македонското Радио (тогашно Радио Скопје) бил создаден Оркестарот од народни инструменти во чиј состав биле вклучени токму истите инструменти комбинирани во произволен број. Токму Миле Коларовски на кого Драган Даутовски му го посветува и името на овој ансамбл бил еден од основоположниците на тој радиски оркестар и особено ценет солист на кавал.

При изборот на вокалните интерпретатори за ансамблот "Миле Коларовски", Драган Даутовски направил практична апликација на женскиот вокален состав "Детелинки" кој претходно го формирал. Дел од овој состав му послужил како основа за вокалните и вокално-инструменталните интерпретации

на ансамблот "Миле Коларовски". Вокалната изведба е насочена кон постарата обредно-обичајна селска традиција карактеристична заради појавата на двоглас од *бордунски тип*.

Инструменталните обработки кои ги изведувал овој ансамбл биле креирани од Драган Даутовски кој освен тоа што тежнеел тие обработки да бидат блиски до традиционалната изведба правел и обиди за посовремен аранжерски приод во придружните делници. Поради фактот што бил единствениот во ансамблот кој имал музичко образование, го користел нотното запишување за лично потсетување на големиот број изведувани мелодии (ора и песни). Токму затоа не постојат партитури од изведуваните дела. Непостоењето на партитури туку единствено на мелодиски записи се должи на фактот што Драган Даутовски директно по слушен пат работел поединечно со секој од членовите на ансамблот.

Понатамошната активност на Драган Даутовски го вклучува и неговиот ангажман со групата "Анастасија" во креирањето на музиката за филмот "Пред дождот". Филмот доживува голем успех, а музиката за филмот станува особено популарна во тој период.

Набрзо потоа во 1995 година ја формира групата "ДД Синтезис" чија примарна цел не била само изведбата на фолклорни мелодии и обработки како кај ансамблот "Миле Коларовски", туку изведбата на современи композиции кои во себе обединуваат фолклорни мотиви и теми и елементи од популарните музички жанрови (џез, поп музика и сл.). Токму затоа во составот на инструментите употребени за композициите кои ги изведува оваа група се вбројуваат македонски народни инструменти (кавал, гајда, зурла, тамбура, тапан, тарабука) комбинирани со инструменти од западно потекло (синтесајзер, пијано, комплет од ударни). Исто така вклучени се и три вокални интерпретаторки (кои претходно биле дел од составот на "Детелинки" и "Миле Коларовски"). Претходното е повторно показател за влијанието на Драган Даутовски.

Во потрагата по пронаоѓање на сопствен музички израз Драган Даутовски во 2000 година го создава вокално-инструменталниот состав "Драган Даутовски квартет" во кој успеал да ги обедини сите позитивни карактеристики на неговото претходно искуство и дури и да ги подобри. Во квартетот сите членови се *мулти-инструменталисти* способни да свират на повеќе инструменти па така иако

реално се работи само за квартет, бројот на инструменти кои се појавуваат во изведените композиции е далеку поголем: кавал, тамбура, гајда, синтесајзер, дајре, тапан, тарабука итн.

Во изборот на теми и идеи за своите современи композиции за квартетот Драган Даутовски отишол еден чекор понапред. Освен примарниот најголем дел теми од македонскиот музички фолклор тој веќе одбира и теми од подалечни ориентални традиции, но секако повторно комбинирани со елементи од западната музичка традиција. Во реализацијата на аранжманите Драган Даутовски поретко користи партитури и покрај тоа што сите членови на квартетот се со високо музичко образование. Тој останува доследен на тенденцијата за директно создавање и доработка на аранжманите во текот на увежбувањето на делата што кореспондира со традиционалниот начин на работа.

### 3. Концертна активност

Драган Даутовски со ансамблот "Миле Коларовски" одржал повеќе значајни настапи преку кои му го доближил своето современо видување на македонскиот музички фолклор на оној дел од публиката кој претходно не бил особено заинтересиран за него.

Од една страна тоа се однесува на помладата популација која претходно била исклучиво ориентирана кон популарните музички жанрови, а од друга страна преку концертот на овој ансамбл на манифестацијата "Денови на македонската музика" во 1993 година ансамблот успеал да се етаблира како достоен репрезент на современата изведба на македонскиот музички фолклор кај публиката на т.н. сериозна музика, особено поради тоа што концертот е прв од таков вид одржан на таа манифестација.

Во својата понатамошна плодна кариера Драган Даутовски одржал голем број концертни настапи и гостувања. Дел од нив се:

*ДД Синтезис*

1996 EUROMUSICA - *International festival* Budapest - Hungary

1997 DRUGA GODBA - *International festival* Ljubljana - Slovenia

1997 18. EBU CONTEMPORARY FOLKFESTIVAL Krems - Austria

1997 HAPPENING IN THE KLUZE FORTRESS Bovec – Slovenia

1997 TRN FEST - *International festival* Ljubljana - Slovenia

1997 MEDITERAN FEST - *International festival* Izola – Slovenia

1998 DIONYSIA FESTIVAL QUARTIERI - *International festival* Roma - Italy

1998 19th EBU CONTEMPORARY FOLKFESTIVAL Portoroz - Slovenia

1998 KANAL FEST - *International festival* Kanal - Slovenia

1998 TANZ & FOLK FEST - *International festival* Rudolstad - Germany

1998 WAY OF MUSIC - *International festival* Acco - Izrael

1999 JAPAN TOUR

*New Group*

2000 MILLENNIUM EXPERIENCE - *International festival* London - Great Brittany

*Драган Даутовски Квартет*

2000 ROOTS and BLOSSOMS Skopje – Macedonia

2001 Kiev Ukraina

2001 OHRID SUMMER FESTIVAL Ohrid - Macedonia

2001 XV FESTIVAL GRAD THEATRE Budva -Montenegro

2001 MAKFEST Stip - Macedonia

2001 THE PATH OF THE SUN - *promotional concert* Skopje – Macedonia

2002 AVE – *concert* Brussels - Belgium

2002 SARAJEVSKA ZIMA - *International festival* Sarajevo - Bosnia and Herzegovina

*Гостувања и други проекти*

2001 TOBACCO ALBUM - *Multimedia project* Skopje - Macedonia

2001 Гостин на концертот на DJIVAN GASPARYAN Skopje - Macedonia

2001 LADY MAGBET - *Music for ballet OHRID SUMMER FESTIVAL* Ohrid - Macedonia

2001 LADY MAGBET - *Music for ballet* Skopje - Macedonia

2001 Документарен филм за Драган Даутовски квартет, "Корени и цутови"

## 4. Творечка дејност

Драган Даутовски се јавува како автор на музика и аранжман на повеке од 600 дела. Додека во неговата работа со ансамблот "Миле Коларовски" тој е насочен првенствено кон создавањето обработки на народни песни и ора, во понатамошната активност со неговите наредни групи сé повеќе се јавува како композитор на нови дела.

### 5. Педагошка дејност



Преку работата во МБУЦ "Илија Николовски-Луј", а особено преку работата на Факултетот за музичка уметност во Скопје на отсекот за народни инструменти, Драган Даутовски ја афирмира својата извонредна педагошка способност. Како резултат се јавуваат бројни концерти и настапи на неговите ученици и студенти.

### Заклучок

Преку својата изведувачка, создавачка и педагошка дејност, Драган Даутовски одиграл силна реформаторска улога во современата употреба на македонските традиционални музички инструменти. Нејзините најзначајни елементи се однесуваат на:

- употреба на македонските народни инструменти на традиционален, но и на нов начин во однос на стиловите и техниките на изведбата и инструменталните состави
- мешани инструментални состави од македонски традиционални инструменти и инструменти од западно потекло
- изведба на инструментални делници од други провенијенции
- аранжмани со современ приод и употреба на комбинации од елементи од македонскиот музички фолклор и популарните жанрови
- пропагирање на инструменталната традиција, особено меѓу помладата популација
- меѓународна афирмација и пропагирање на македонската музичка култура.